# Извадок на дел од дневни настани 26.12.2023

Денеска (26.12.2023), полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода А.И.(54) од село Банско, струмичко. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 5880 парчиња разновидни пиротехнички средства. За настанот е запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по негово документирање против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2023 во 23.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Б.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 25.12.2023 во 14.50 часот на улица „Гоце Делчев" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле А.Н.(26) од Струга затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2023 околу 21.00 часот на регионалниот пат Тетово – Скопје, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 36-годишниот тетовец Х.Р.. При негов и преглед на патничко моторно возило „фолксваген туран" со странски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок.

На 25.12.2023 во 13.30 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле Р.С.(56) од Република Турција затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека го пречекорил дозволениот туристички престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 25.12.2023 во 03.30 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле Ј.Е.С. (23) од САД затоа што по извршена пасошка контрола било констатирано дека го пречекорил дозволениот туристички престој во државата. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 25.12.2023 во 15.50 часот на Граничниот премин „Деве Баир", полициски службеници гфо лишиле од слобода Ј.А.(58) од РепубликаТурција затоа што при гранична контрола на увид приложил фалсификувана зелена карта за осигурување за товарно моторно возило „форд" со полуприколка со турски национални ознаки, кое го управувал. Тој бил предаден на полициски службеници од ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 24.12.2023 околу 11.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Б.К.(31) од Косово затоа што гранична контрола било утврдено дека бројот на шасија на патничкото моторно возило „мерцедес" со косовски национални ознаки, кое го управувал, бил фалсификуван. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (25.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 154 возачи. Од нив пет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 57 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 97 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (25.12.2023) во периодот од 09.00 до 13.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 121 пешак од кои, 104 за небезбедно преминување на улица надвор од пешачки премин...

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (25.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 139 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина осум санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, 17 санкции за прекршоци што ги прават пешаците, седум мерки за користење мобилен телефон при возење...

На 25.12.2023 во 17.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од ул.„11 Октомври" и ул.„Србо Томовиќ", патничко моторно возило „лада" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(65) од Куманово, удрило во пешакот Б.П.(83) од Куманово. Во несреќата Б.П. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 23.12.2023 во 21.40 часот во Полициската станица Чаир, Г.К.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Цетинска" бил каснат од куче скитник.

На 24.12.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Чаир, С.К.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Бутелска" бил каснат од куче скитник.

На 25.12.2023 во 22.00 часот во Полициската Станица Центар, Ќ.А.(54) од Скопје пријавил дека ул.„Лазар Личеноски" бил каснат од куче скитник.

На 25.12.2023 во 12.30 часот, Ш.М.(38) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Партизански одреди" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.П.(42) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување употреба на наркотични дроги". При претрес во неговиот дом, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид пронајдоа и одзедоа марихуана. Исто така, при претресот било констатирано дека пријавениот на лице од Охрид му овозможил да користи марихуана во неговиот дом.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Б.М.(37) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед, извршен на улицата „11 Септември" во неговото возило „ауди", полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против А.Н.(30) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „демнење". На 29.11.2023, пријавениот вознемирувал женско лице со кое претходно бил во врска, по што и физички ја нападнал пред продажниот објект каде работела.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против З.М.(43) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 23.10.2023 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.У.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 19.11.2022 во Скопје, полициски службеници извршиле претрес во спортската обложувалница, сопственост на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.Д.(42) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 10.02.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Штип, при што пронашле и одзеле хероин и таблети Бупренорфин.

На 25.12.2023 во 16.40 часот на место викано „Рушени воденици" во близина на с.Јажинце, тетовско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Рогачево пронашле кутии со околу 1.000 парчиња пиротехнички средства, кои биле оставени од три лица што потоа заминале на територијата на Косово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 34 прекршоци од кои 20 надвор од населено место и 14 во населено место. Истиот ден во периодот од 09.00 до 13.00 часот спроведена е акциска контрола на прекршоци сторени од пешаци. Притоа биле санкционирани 16 прекршоци. Санкционирани биле и 28 други видови на прекршоци од кои 1 за нерегистрирано возило, 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас и 15 за непрописно паркирање.

Вчера (25 декември) од 09.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на пешаци, во која биле откриени и санкционирани вкупно 14 прекршоци (ТЕ-9 и ГВ-5).

На 25.12.2023 во 15.50 часот во СВР Скопје, Д.Б.(46) од Скопје пријавил дека на 24.12.2023 околу 23.30 часот на подрачјето на Чаир неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (26.12.2023) во 02.40 часот во СВР Скопје, Ф.А.(55) од с.Зелениково, скопско, пријавил дека на 25.12.2023 околу 20.25 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од Т.Т.(31) од Република Турција, кој употребил и тврд предмет. Со Т.Т. бил извршен службен разговор и бил задржан за понатамошна постапка.

На 26.12.2023 во 06.04 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на подрачје на Карпош, едно лице со закана кон вработените одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 25.12.2023 во 12.45 часот во Полициската станица Ресен, И.Н.(44) од с.Јанковец, ресенско, пријавил дека на ул.„Ленинова" во Ресен бил каснат од куче скитник.

На 25.12 2023 во 10.40 часот во ОВР Прилеп, Б.К.(53) од Прилеп пријавил дека на ул.„5 Прилепска бригада" бил каснат од куче скитник.

На 25.12.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Гази Баба, И.С.(63) од Скопје пријавил дека неговата ќерка А.С.(22) се оддалечила од домот. А.С. претходно повеќе пати се оддалечувала од домот и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.12 2023 во 10.30 часот во ОВР Прилеп, Д.Ј.(69) од Прилеп пријавила дека на ул. „Димче Антулески" била касната од куче скитник.

На 25.12.2023 околу 11.30 часот во ОВР Прилеп, З.Б.(49) од Прилеп пријавил дека кај вештачкото езеро во Прилеп бил каснат од куче скитник.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Ж.М.(48) и Л.М.(46), двајцата од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела ,,тешка кражба'' и „помагање''. На 22.12.2023 во село Куклиш, првопријавениот со помош на второпријавениот со употреба на погоден предмет извршил тешка кражба во куќата на Б.Х., при што одзел пари и други предмети.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Х.(34) од Тетово и правно лице од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „измама". На 11.05. и 12.05.2023, пријавениот во име на правното лице, сопственост на неговата сопруга, со две лица од Куманово склучил договори за купопродажба и монтажа на гелендери, кои требало да се монтираат во куќи во Австрија, за што лицата му дале 9.800 евра депозит, а на трансакциска сметка му биле префрлени уште 2.000 евра, но тој не ја однел нарачката и не постапил согласно договорот.

Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР поднесе кривична пријава против Б.М. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Пријавениот, вработен на бензинската пумпа на МВР во касарната Ѓорче Петров во Скопје, од ноември 2023 година противправно за себе изнел повеќе од 800 литри гориво надвор од касарната. На 31.10.2023, на излез од касарната, во неговото возило биле пронајдени неколку канти наполнети со 110 литри дизел и 75 литри бензин, кои ги наполнил на пумпата во касарната.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против тројца малолетници од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.09.2023 во двор на средно училиште во Скопје, пријавените физички нападнале двајца малолетници од Скопје и им нанеле повреди.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Б.(61) од село Теново, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 05.08.2023 на регионалниот пат Боговиње – Камењане, поради недоразбирање во сообраќајот, пријавениот со пиштол се заканил на друго лице.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет